# THE BIOGRAPHICAL WORKS OF LJUBOMIR MILETIC – INEVITABLE LITERATURE ABOUT THE LEADERS OF THE ILINDEN UPRISING

**Oliver Cackov**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
oliver.cackov@ugd.edu.mk

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

The paper places special emphasis on work of Ljubomir Miletic, whose unique approach and understandings and great efforts have significantly enriched our knowledge of the private lives and work of the “vojvodi” who actively participated in the Ilinden Uprising. He meticulously recorded everything they shared concerning this challenging period in Macedonian history and wrote it in his diaries.

In his famous biographical works, he portrayed vividly numerous personal lives and histories, while managing to integrate them in a consistent mosaic that narrates of a historical period of a whole nation. Thus, the book contains whole chapters dedicated to “vojvodi”s’ lives and their family histories, which later served the writer to successfully expose important elements of the collective identity of the Macedonians. This becomes especially noticeable in the segments, where he writes in details about the struggle for freedom, and about the aspiration of the Macedonians to establish their own independent state.

The value of Miletic biographical writings is enriched by the fact that it includes and combines numerous geographical and topographical descriptions, and elaborates over military actions, which represents a particular historiographical undertaking.

**Keywords:** Macedonian liberation struggle, Ilinden Uprising, local revolutionary networks.

**Theme/s:** Historiography, History of Macedonian revolutionary movement.

Доц. д-р Оливер Цацков

# СПОМЕНИТЕ НА ЉУБОМИР МИЛЕТИЧ –НЕОДМИНЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА ВОЈВОДИТЕ ОД ИЛИНДЕНСКАТА ДРАМА

Апстракт

Во трудот посебно значење е дадено на Љубомир Милетич и неговите големи напори проследени со неговите вредности и заслуги за да дојдеме до знаења за животот и дејствувањата на војводите, кои биле учесници во Илинденската епопеја. Тој педантно го запишувал секој нивен збор, поврзан за оваа крвава драма во неговите споменари.

Авторот напишал дело со автобиографски карактер, притоа трудејќи се оваа книга да не остане само како запис на едно време и на едно живеење, туку напротив таа да биде со поширок карактер и притоа да ја опише историјата на еден народ во одреден Временски период.

Во трудот се опфатени ликовите и карактерот на војводите со констатација дека авторот настојувал, а се чини и целосно успеал преку нив да не доближи до нациоаналните елементи на македонскиот народ. Особено тоа може да се забележи во пишаните делови каде зборува за борбата за слобода на еден народ, но и за неговата желба за основање на сопствена држава. Вредноста на спомените го збогатува податокот дека во неа Милетиќ опфатил географски, топографски поими како и воени дејствиа , кои од историски аспект преставуват вистински предизвик.

..........

Настојувањата за подобар живот и национална осознаеност на македонскиот народ,започнал при крајот на 19-от век. До кој степен била развиена македонската национална свест,најдобро го покажува создавањето на ВМРО на 23 октомври 1893 година во Солун. За прв пат во македонската историја се извршил револуционерен чин во дослух со закономерностите на политичкиот,економскиот, и општествениот развој. Една млада и длабоко од демократски ипатриотски инспирирана генерација ја презела

врз себе и историската одговорност да го поведе народот во решавачка борба против османлиската власт.Кога македонскиот народ на историскиот Илинден со оружје се кренал на востание и се вгради во револуција од меѓународен карактер,огласувајќи се со своите барање и содржини дека се бори за своја слобода и сопствена држава.Илинденското востание иако било неподготвено и пред време кренато сепак било прифатено и поддржано од народот.Востанието не успеало да му донесе слобода на македонскиот народ,но сепак тоа има големо историско значење како најзначаен револуционерен настан во тоа време. Востанието како масовна борба за национално ослободување станало славна епопеа и патоказ за револуционерната борба на македонскиот народ. Зоран Тодоровски во своето дело Id ergo sum ќе запише : „Илинден го покажа најправилниот пат кон слободата, патот на масовното востание,на народната революција. Тој не научи дека без револуционерно востание и без масовно организирање на македонскиот народ нема слобода и дека востанието е незаменливо. Тоа ни покажа дека без една авангарда, без една верна и дисциплинирана и цврста револуционерна организација, не може да се води борба на македонските народни маси за прогрес и слобода“.[1]

Во редовите на македонското национално и револуционерно движење за време и по Илинденското востание вградени се имиња на доследни и непокорни борци,жртвувајќи се себе си за светото дело за извојување на национално право и слобода на македонскиот народ.Македонскиот народ ги носи во себе илинденците како симбол за непокор кој симбол никогаш не треба да биде заборавен. За време на илинденскиот период голем број на војводи кој ќе станат еден вид икони на македонската борба оставиле длабоки и трајни траги и свет долг за сопствениот народ. Илинденските настани како дел од традицијата и континуитетот на којување на македонскиот народ се неисцрпен извор во усната, народната и уметничката книжевност. Трајни инспирации во публицистичкото творештво,поезијата и во многубројните спомени.

Најголема заслуга и неодминлива вредност да знаеме речиси се од Илинденската епопеја за многу бројните револуционери и војводи, за нивните чети кои го штителе населението од турската власт, за нив ќе напише Љубомир Милетич во

[1] Тодоровски,З (2008) Id ergo sum,Македонска реч, Скопје.

своите спомени.Многубројните војводи кои учествувале во востаноето заминале во Бугарија. Престојот таму за многу од нив бил краток.Чекале да помине зимата, за повторно да се вратат и посветат на револуционерното дело.Веднаш по востанието војводите,низ се она што поминеле му раскажувале на Милетич, професорот од Софија. Објавувајќи ги спомените во предговорот Милетич ќе запише :„Кон средината на октомври беше се готово,востанието беше во крв задушено,река бегалци,раководители на востанието веќе течеше кон Бугарија. Тогаш прв пат видов многумина од војводите кој учествувале и раководеле со востанието и со секнат здив го слушав,нивното кажување и колку се страдало колку хероизам покажале простите македонски селани и нивните челад“.[2]

Понатаму тој ќе запише дека главните раководители на востанието кој најдобро ги знеле овие настани биле „смртни луѓе“ кој многу бргу ќе паднат во заборав. Тогаш решив да спасам историја, колку што може со запишување на сеќавање на видни војводи револуционери кој се наоѓале во Софија во текот на зимата 1903/04 година. Љубомир[3] се потсетил на позната латинска изрека-Verba volanat, scripta mament-Зборовите летаат , пишаното останува и навистина бил во право. Татко му Ѓорѓи Милетич роден во Хабсбуршката монархија, но по потекло бил од Одринска Тракија. Во учебната 1859/60 бил главен учител во Велес.На покана на првенците од Штип, бил повикан да биде учител во Штип во 1861/62 година каде се родил и Љубомир Милетич.Тој во „штипското училиште внесол некој нови предмети од практична насока, а вовел и први учебници во наставата.Го знаел германскиот јазик и го предавал.Постои мислење дека прв го вовел и завршниот испит.Во Велес се оженил со Ефка Петрова. Ефка Милетич мајката на Љубомир во 1861/62 година ја отворила женската паралелка во состав на градското класно училиште. Оваа било прво женско училиште во Штип“.[4]

[2] Цветановски, (2003) Илинден 1903-2003.Нова Македонија 1,8 2003.Скопје.

[3] Љубомир Милетич е роден на 1 јануари 1860 година во Штип , а починал во во Софија на 2.6. 1937 година. Познат научник е од областа на бугарската и славистичка историја и филозофија. Се школувал во Софија и Нови Сад. Средно образование завршил во Загреб и Прага.Докторирал во Загреб 1888 година. Работел како професор на Катедрата по словенска филозофија на Софискиот универзитет Св.Климент Охридски од 1892 до 1934 година.Еден од основачите на Вишата школа во Софија. Претседател е на Бугарската Академија на науки од 1926-1937 година во Софија. Бил почесен член на повеќе академии во неколку европски земји.Милетич ги има редактирано и објавени спомените на бројни македонски војводи и револуционери од илинденскиот период.

[4] Штип низ вековите гнига 1.

Авторот на спомените Љубомир Милетич успеал да направи низ конкретна синтеза на сите војводи затоа што во сите детали на дејствата,се сведени на сликовита и конкретна мисла. Според тоа авторот бил ставен пред големи ризици да напише дело со автобиографски определби,а сепак тоа да не остане само како хроника на едно време и на едно живеење ами напротив тоа да биде пошироко од општо човечко значење. Се чини дека Милетич успеал да направи одлична синтеза на едното и другото,бидејќи во сите детали носечка нишка на целокупното дејство е лишено од апстрактни поими, морално дидактички компоненти, туку напротив,се е сведено на вистински настани од нивното живеење.Тој успеал на мислата да и ја овозможи потребната емоционална поддршка, што придонесува биографските елементи да не го загубат карактерот на хрониката и со внатрешна поврзаност на војводите и другите личности да добијат општо човечка димензија. Кога сме кај ликовите на војводите треба да констатираме дека авторот настојувал,а се чини и целосно успеал преку нив да не доближи и до многу национални елементи на народното македонско живеење и неговата борба за слобода и сопствена држава, до неговиот менталитет, психологија и да поентира многу важни моменти на овој народ и неговите сфаќања за животот.Сето тоа во контекст на детерминраното обележје на времето и настаните што се случиле во тој период.

Спомените на Милетич преставуват еден исечок од историјата на македонскитиот народ, од неговата борба за слобода против турското владеење од илинденскиот период. Спомените добиваат поширока димензија, бидејќи даваат слика не само на тешкиот живот на народот туку и на неговата борба. Исто така и слика како треба да се дојде до слободата за да се зајакне сознанието кај младите читатели како треба да се сака својата држава и брани истата ако тоа е потребно.

Можностите на Милетич да контактира со тогаш сеуште живи учесници во Илинденското востание било од особено значење при пишувањето на неговите спомени.Спомените изобилуват со многу описи на настани, за личности, за развојот на револуционерното движење, неговото организирање за обезбедување на средства за оружје, за активностите на војводите и четите како и за поседиците од востанието.Вредноста на Спомените го збогатува податокот дека во нив Милетич дал многу географски и топографски податоци кој од историски аспект преставуват вистински предизвик за историската наука.Познатиот македонски историчар, книжевник и публицист Ѓорѓи Абаџиев во предговорот за спомените на ресенскиот

војвода од Илинденското востание Славејко Арсов запишани неколку месеци по востанието кон крајот на 1903 година и почетокот на 1904 година ќе запише:"Можеби големиот бугарски научник и професор Милетич кој ги запишал спомените на Арсов да премолчел многу работи,но, книгата изобилува со многубројни факти,кој красноречиво зборуват за самостојниот карактер на македонското ослободително движење."[5]

Уште по илустративно за заслугите на Милетич околу запишаните Спомени ќе запише и познатиот македонски академик Гане Тодоровски дека и тој е на гледиште дека тој е најзаслужен што војводите на македонското национално движење и учесниците во Илинденските настани се зафатиле да пишуват за она што се случило во тој период.Академикот Иван Катарџиев пак, вели дека на адреса на Милетич се упатени многу забелешки за фризирање на Спомените меѓутоа тој смета дека нема причини да не му се верува за тоа што тој го забележал, бидејќи нема конкретен доказ за такви тврдења. Катарџиев тоа го потврдува со фактот „ што спомените на Татарчев и Герџиков биле објавени додека биле живи, но тие по излегувањето од печат не упатиле ниту една забелешка на содржината на нивните кажувања запишани од Милетич".[6]

Македонскиот револуционер поет,писател,новинар и историчар Христо Силјанов за Милетич ќе запише:„ Професорот Љ.Милетич имал среќна идеа да ги запише и зачува за потомството личните спомени на редица видни револуционери,од кои повеќето денес не се меѓу живите. Заслугата на уважениот професор е толку голема што ти искази може да им ги покажеме на покојните со скрупулозна точност,речиси во стенографски вид запазувајќи ги индивидуалните посебности на живиот говор."[7] Од спомените на Милетич за војводите учесници во илинденскиот период можеме да извадеме заеднички содржател,дека борбата била бескомпромисна и единствениот пат што води до ослободување на македонскиот народ.Слободата никој не може да ја подарува.Ниту може да се купи. За слободата е потребна борба проткаена со многу човечки жртви.

Во спомените, Милетич ги опфатил следните војводи: Даме Груев 1871-1906 во периодот на Илинденското востание активно бил вклучен во неговите

[5] Абаџиев, Ѓ (1950) Востаничкото движење во Југозападна Македонија по спомени на Славејко Арсов.ИНИ,Скопје.
[6] Цветановски..imbd.
[7] Силјанов,Х (2003) Ослободителните борби на Македонија,Култура.Скопје.

подготовки.Славејко Арсов 1878-1904 за време на илинденскиот период бил ресенски војвода. Ѓорче Петров 1864-1921 година војвода во битолскиот револуционерен округ. Христо Чернопеев 1868-1915 војвода во струмичкиот револуционерен округ.Михаил Герџиков 1877-1947 година војвода во Одринско.Пандо Клашев 1882-1907 костурски војвода. Јане Сандански 1872-1915 војвода во Серскиот револуционерен округ. Христо Татарчев 1869-1952 година ,претседател на ВМОРО. Борис Сарафов 1872-1907 година учесник на Смилевскиот конгрес.Ѓорѓи поп Христов 1876-1962 година војвода во Леринскиот регион. Лука Џеров 1870-1948 година горски нечелник во реонот на Кичево. Петар Јуруков 1878-1905 Тиквешки војвода. Иван Гарванов 1869-1907 година Павел Шатев 1882-1951 година член на групата „Гемиџии„.Лазар Димитров војвода во Дебарско,Атанас Иванов –Грчето војвода во Мелничко-Петричко. Никола Пушкаров-војвода во Скопско,Лазар Димитров –војвода во Дебарско-Охридско.Никола Митрев-Охридско.Деан Војвода-Охридско.Михајло Савов 1877-1905 војвода во Гевгелиско и Смиле војвода 1872-1958 војвода во Дебарско-Охридско.

Спомените на Милетич се вистински мозик на идејни воспитно-патриотски и морални пораки добиени од сеќавањето на војводите од илинденскиот период со констатација дека колку и да се пишува за нив секогаш ќе биде малку. Оттука меморатите на Милетич од несомнено треба да се вбојат во листата на трајните вредности од илинденскиот период.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Арсов,С. (1966) Востаничко движење во Југозападна Македонија,ИНИ,Скопје
2. Абаџиев, Ѓ (1950) Востаничкото движење во Југозападна Македонија по спомени на Славејко Арсов.ИНИ,Скопје.
3. Markev B., Miletic.( 1965)Ljubomir в Enciklopedija Jugoslavije, Zagreb.

4. Милетич, (1993)Георги (Джордже) в Енциклопедия България, Издателство на БАН.

5. Силяновъ, Х (1927) Писма и изповьди на единъ четникъ, София..

6. Дамянов С.,(1987) Любомир Милетич и неговите проучвания за българите в Седмиградско.

7. Христов,П,( 1953) Революционната борба в битолския окръг, София

8. Цветановски, (2003) Илинден 1903-2003.Нова Македонија 1,8 2003.Скопје.

9. Штип низ вековите kнига 1.